ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ПЛАНОТ ЗА ИНВЕСТИЦИИ И ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА 2018 ГОДИНА НА

# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

05 2019 03 06

**Скопје, февруари 2020 година**

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 9 |
| План за инвестиции во основни средства за 2018 година | 10 |
| Финансискиот план во 2018 година | 11 |
| Образложенија | 12- 28 |

Прилог 1 – Одговор по Нацрт извештај за извршена ревизија на Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните трошоци за 2018 година

Прилог 2 - Одговор на забелешки по Нацрт извештај на овластениот државен ревизор

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 11-319/1

Дата: 18.02.2020

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните трошоци за 2018 година и нивната реализација заедно со ревизија на усогласеност на Народната банка на Република Северна Македонија (Народната банка).

Изразивме мислење без резерва за прикажаните инвестиции и оперативните трошоци во Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план за 2018 година како и за усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации и нивната реализација, со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Државниот завод за ревизија има извршено ревизија на Планот за инвестиции во основни средства и на Финансискиот план на Народната банка на Република Македонија во делот на оперативните трошоци и нивна реализација за 2014 година и за истите е издаден извештај во кој е изразено мислење без резерва во однос на објективно и вистинито прикажување и за усогласеноста на финансиските трансакции со законската регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Ревизијата истакнува постоење на нагласување на прашања на неизвесност и континуитет во врска со:

- судската постапка во која Народната банка е тужена страна, поради раскинување на договорот за набавка на софтвер за интегриран сметководствен систем и
- пролонгирање на рокот за изведување на градежни работи за изградба на новиот деловен објект на НБРСМ.

Во делот на останати прашања ревизијата ги обелоденува следните состојби:

- потребата од усогласување на одредби на Законот за Народната банка на

Република Македонија со одредбите од Законот за државната ревизија, во делот на делокругот на вршење на ревизијата и доставувањето на конечните извештаи на овластениот државен ревизор и

- потреба од преиспитување/доуредување/исклучување на набавката на банкноти и монети во Законот за јавните набавки, со оглед на фактот дека се работи за специфични набавки за чие извршување на договорот се потребни посебни безбедносни мерки и постапки согласно со важечките прописи.

Од страна на одговорното лице на Народната банка добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, кои претставуваат известување за преземените активности, како и коментари со предлози за дополнување на одредени прашања.

**Вовед**

1.1. Извршивме ревизија на Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните трошоци за 2018 година од страна 10 до 11 и нивната реализација заедно со ревизија на усогласеност на Народната банка на Република Северна Македонија

1.2. Ревизијата на приложениот План за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните трошоци за 2018 година од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за инвестициите и на финансискиот план за 2014 година на Народната банка на Република Македонија во делот на оперативните трошоци и нивна реализација и за усогласеност со закони и прописи на Народната банка на Република Македонија за 2014 година и е изразено мислење без резерва во однос на објективно и вистинито прикажување за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Народната банка на Република Северна Македонија застапувано од:

- м-р Димитар Богов, гувернер до 20.05.2018 година и
- д-р Анита Ангеловска – Бежоска гувернер од 21.05.2018 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните трошоци за 2018 година коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните трошоци за 2018 година и нивната реализација се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните трошоци за 2018 година и нивната реализација од точка 1.1. врз основа на извршената

ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните трошоци за 2018 година се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните трошоци за 2018 година и нивната реализација на Народната банка се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните трошоци за 2018 година и нивната реализација со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните трошоци за 2018 година и нивната реализација. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали реализираните инвестиции и оперативните трошоци на Народната банка на Република Северна Македонија за 2018 година се во согласност со донесениот План за инвестиции во основни средства и Финансискиот план за 2018 година.

2.2. Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план за 2018 година и нивната реализација кои се предмет на овој извештај се засновани според применливата законска регулатива за нивно изработување.

**2.3.** Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 03.06.2019 до 10.10.2019 кај Народната банка на Република Северна Македонија од тим на Државниот завод за ревизија.

3. **Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Народната банка одржан на ден 24.10.2019 година.
Од страна на одговорното лице на Народната банка добиени се забелешки број 02-2408/1 од 24.01.2020 година на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор кои претставуваат известување за превземените активности, како и предлози за дополнување на одредени прашања.

4. **Ревизорско мислење**

**Мислење за План за инвестиции и Финансиски план**

Според наше мислење, инвестициите и оперативните трошоци во Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план за 2018 година во сите материјални аспекти се прикажани во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план за 2018 година и нивната реализација во сите материјални аспекти, се во согласност со законската регулатива, упатствата и воспоставените политики.

5. **Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет**

5.1. Во Конечниот извештај за извршената ревизија на Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните трошоци за 2014 година и нивната реализација, ревизијата извести дека Народната банка за сметководствената евиденција користи софтвер набавен во деведесеттите години кој во текот на годините е надградуван и адаптиран согласно потребите. Во 2009 година во постапка со преговарање изработено е Проектно решение за набавка на нов интегриран систем за сметководствена евиденција. Во јули 2011 година склучен е договор за набавка на Софтвер за интегриран сметководствен систем врз основа на спроведена јавна набавка во износ од 74.308 илјади денари. Во декември 2011 година исплатен е аванс во износ од 14.862 илјади денари. До крајот на 2013 година со економскиот оператор склучени се анекси кон договорот, со кои во најголем дел се менувани консултантите на проектот, крајниот рок за имплементација на софтверот и доставувањето на новите банкарски гаранции поради пролонгирање на роковите за неговата имплементација.

Во текот на 2014 година Управувачкиот одбор за имплементација на проектот за воведување на интегриран сметководствен систем на Народната банка одржал состанок со претставник од добавувачот, на кој е констатирано дека голем број од активностите не се завршени и доставени. Поради наведената состојба Народната банка го раскинала договорот и ја активирала и наплатила безусловната банкарска гаранција во висина на дадениот аванс од 14.862 илјади денари и банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот во износ од 11.150 илјади денари.

Во јуни 2017 година, од страна на економскиот оператор, доставена е тужба до Основниот суд Скопје II Скопје во врска со раскинување на договорот. Тужителот, со тужбата бара и исплата на надомест на штета во износ од 123.666 илјади денари по повеќе основи.

До денот на ревизијата одржани се повеќе рочишта, но судската постапка сеуште не е завршена.

Ревизијата истакнува дека со Стратегискиот план на Народната банка за период 2019 – 2021 година донесена во мај 2018 година, една од стратешките цели е унапредување на финансиската евиденција и известување со цел поефикасно управување со финансиите, поради што планирани се нови апликативни решенија за сметководствено и финансиско известување.

5.2. Во октомври 2016 година Народна банка склучила договор за изведување на градежни работи за изградба на нов деловен објект на НБРСМ во Скопје, во вредност од 1.477.332 илјади денари, по претходно спроведена постапка за јавна набавка. Во член 15 од договорот утврдено е рокот за завршување на објектот да биде 27 месеци, од денот на воведувањето во работа. Изведувачот е воведен во работа на 16.12.2016 година. Исто така, договорено е доколку се утврди постоење на оправдани причини, поради кои работите се пролонгираат, по барање на изведувачот, Народната банка треба да ја оцени оправданоста и под услов да се извршени 80% од предвидените работи на објектот, може да одлучи да го продолжи рокот најмногу до 6 месеци, согласно член 101 став 1 од договорот, каде е наведено дека *„кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, мора да му остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската*", предвидено во член 114 од Законот за облигационите односи, во делот *„Кога исполнувањето во рокот е суштествена состојка на договорот„*. Поради непредвидени работи кои се однесуваат на отстранување и дислокација на подземни инсталации кои се појавиле при почетокот на изградбата, изведувачот побарал продолжување на рокот за изградба. Народната банка, согласно член 71 од договорот, го одобрила барањето и во август 2018 година склучен е анекс кон основниот договор со кој рокот за изведување на работите е продолжен за 135 дена и објектот требало да биде завршен во август 2019 година.

Во јуни 2019 година, изведувачот доставил барање до Народна банка, за продолжување на рокот за изведба на објектот за дополнителни 18 месеци. Пред да донесе одлука дали ќе се прифати или одбие барањето за продолжување на рокот, Банката обезбедила повеќе стручни мислења од областа со цел да се направи анализа на досега извршените работи и работите кои остануваат за изведба и проценка дали изведувачот е способен да ги заврши работите во предложениот рок за продолжување.
Од страна на стручните лица констатирано е дека од градежен аспект, објектот со сите негови завршени позиции и позиции кои се во тек на изведување се наоѓа во поодмината фаза на изведба. Според нив оперативно реализацијата на градбата е поголема од финансиската реализација на договорот, од причина што градежните работи кои досега се изведени финансиски не зафаќаат голем дел од вкупната вредност на објектот, но за нивна изведба е потребен поголем временски период.

По извршената анализа на изведените работи и работите кои што остануваат да се изведат, стручните лица сметаат дека бараниот рок за продолжување на договорот за 18 месеци е реален и остварлив.
Имајќи ги предвид негативните ефекти од раскинување на договорот, а врз основа на обезбедените мислења од стручните лица, согласно член 101 став 1 од договорот, склучен е анекс кон договорот, согласно кој крајниот рок за завршување на работите е март 2021 година.

## 6. Останати прашања

6.1. Овластениот државен ревизор во Конечниот извештај за извршената ревизија на Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните трошоци за 2014 година и нивната реализација, извести за потребата од усогласување на одредбите од Законот за Народната банка на Република Македонија и Законот за државната ревизија. Во став 1 член 67 од Законот за Народната банка на Република Македонија е пропишан мандатот на државната ревизија: ............*„без да ја загрози независноста на Народната банка и независно од активностите на друштвото за ревизија, Државниот завод за ревизија врши ревизија на Народната банка во делот на трошоците за инвестиции и оперативни трошоци и подготвува извештај што го доставува до Собранието на Република Македонија“*....... Ревизијата има обврска да укаже на терминот: „трошоци за инвестиции“ која се користи во законот. Имено, сметководствената евиденција и рамката на финансиско известување на Народната банка е согласно МСС и МСФИ, на пресметковна основа, со која инвестиционите активности, односно набавката на недвижности, постројки и опрема се признаваат како средства и не преставуваат трошок за Народната банка освен нивната годишна амортизација (нивниот годишен отпис). Поради наведеното, потребно е во Законот за Народната банка на Република Македонија да се прецизира мандатот .........*Државниот завод за ревизија врши ревизија на Народната банка во делот на инвестиции и оперативни трошоци*

.......... како и да се доуреди наведениот делокруг за вршење на ревизија на Народната Банка во член 22 од Законот за државната ревизија.

Исто така во член 67 став 2 од Законот за Народната банка на Република Македонија е пропишано: .......*„копии од извештаите што се доставени до Собранието на Република Македонија, Државниот завод за ревизија доставува до Народната банка„*........ Постапката за доставување на Конечен извештај е пропишана во членовите 30, 31 и 32 од Законот за државната ревизија и не е идентичен со пропишаната во Законот за Народната банка.

Горенаведеното укажува дека е потребно да се изврши усогласувањето на членот 67 од Законот за Народната банка со членовите 22, 30, 31 и 32 од Законот за државната ревизија, со цел единствено постапување.

6.2. Овластениот државен ревизор во Конечниот извештај за извршената ревизија на Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните трошоци за 2014 година и нивната реализација, извести дека во декември 2011 година од страна на Народната банка започната е иницијатива за измена на член 7 од Законот за јавни набавки [1]за ослободување од примена на истиот во делот на набавката на банкноти, монети, рондели, алат и машини за ковање монети и машини за броење, обработка и селекција на пари, со оглед на фактот дека се работи за специфични набавки за чие извршување на договорот се потребни посебни безбедносни мерки и постапки согласно со важечките прописи. Во истиот период од страна на Бирото за јавни набавки добиено е известување дека не постојат доволно меѓународни искуства во насока на експлицитно исклучување на набавката за издавање на националната валута од опфатот на прописите за јавни набавки, како и тоа дека за одредени набавки може да се обезбедат безбедносни мерки и одредено ниво на доверливост во рамките на постојните законски решенија утврдени во член 7 од Законот за јавни набавки.

Во март 2018 година од страна на Народната банка повторно е доставена иницијатива за уредување на набавката на банкноти и монети во Законот за јавните набавки. До денот на ревизијата не е добиен повратен одговор од Бирото за јавни набавки, ниту пак поинаку се уредени ваквите набавки со донесувањето на новиот Закон за јавни набавки во 2019 година.

По доставување на Нацрт извештајот, Народната банка на 16 јануари 2020 година, има доставен допис до Министерството за финансии – Биро за јавни набавки, како барање на одговор по поднесената иницијатива од март 2018 година.

[1] „Службен весник на Република Македонија“ број 136/2007,130/2008, 97/2010, 53/2011, 185/2011, 15/2013, 148/2013, 28/2014, 43/2014, 130/2014 , 180/2014, 78/2015, 192/2015, 27/2016, 120/2016, 165/2017, 83/2018 и 24/2019 година.

ПЛАН ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА ЗА 2018 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | Планирани инвестиции за 2018 година | | | Остварени инвестиции во 2018 година | | | Инвестиции во тек (склучени договори и донесени одлуки) | Вкупно остварени инвестиции и инвестиции во тек (склучени договори и донесени одлуки) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Пренесени инвестиции од претходи години | Инвестиции во 2018 година | Вкупно планирани инвестиции | Пренесени инвестиции од претходи години | Инвестиции во 2018 година | Вкупно остварени инвестиции во 2018 година | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 (3+4) | 6 | 7 | 8 (6+7) | 9 | 10 (8+9) |
| **Информатичка опрема и системи** | **2.1.** | 24,565 | 82,925 | 107,490 | 13,046 | 2,536 | 15,582 | 36,124 | 51,706 |
| **Машини, опрема и други инвестиции** | **2.2.** | 11,456 | 378,232 | 389,688 | 10,750 | 7,709 | 18,459 | 3,964 | 22,423 |
| **Градежни објекти** | **2.3.** | 834,196 | 34,610 | 868,806 | 129,030 | 693 | 129,723 | 709,693 | 839,416 |
| Вкупно: | | **870,217** | **495,767** | **1,365,984** | **152,826** | **10,938** | **163,764** | **749,781** | **913,545** |

**ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2018 ГОДИНА**
**ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло жение | План за 2018 | Реализација 2018 | План за 2017 | Реализација 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| Трошоци за вработените | 3.1.1. | 426,936 | 430,167 | 418,058 | 418,054 |
| Трошоци за провизии (надоместоци за услуги) од девизно - валутни работи | 3.1.2. | 36,290 | 40,389 | 34,171 | 35,435 |
| Трошоци за службени патувања и стручно усовршување | 3.1.3. | 23,442 | 17,971 | 22,900 | 22,555 |
| Надомест за надворешни членови во Советот на НБРМ | 3.1.4. | 3,440 | 2,907 | 3,440 | 2,749 |
| Трошоци за електрична енергија, греење, вода, гориво и комуналии | 3.1.5. | 20,051 | 14,683 | 20,796 | 18,195 |
| Трошоци за тековно и инвестициско одржување | 3.1.6. | 29,882 | 19,380 | 29,145 | 162,221 |
| Премии за осигурување | 3.1.7. | 2,387 | 2,293 | 2,940 | 2,118 |
| Закупнини за комуникациски системи и средства за работа | 3.1.8. | 23,043 | 23,096 | 22,775 | 21,491 |
| Поштенски, телефонски и интернет-трошоци | 3.1.9. | 3,500 | 2,765 | 4,663 | 2,639 |
| Трошоци за репрезентација | 3.1.10. | 4,503 | 3,423 | 4,056 | 3,064 |
| Трошоци за изработка и печатење на информации, публикации, извештаи, брошури и друго | 3.1.11. | 1,798 | 257 | 2,182 | 146 |
| Канцелариски материјали, тонери и останати потрошни материјали | 3.1.12. | 2,766 | 2,186 | 3,177 | 1,959 |
| Амортизација | 3.1.13. | 74,000 | 70,269 | 70,000 | 73,064 |
| Административни и други трошоци | 3.1.14. | 34,098 | 25,175 | 40,174 | 29,102 |
| **Расходи од оперативно работење** | 3.1. | **686,136** | **654,961** | **678,477** | **792,792** |

"ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА"

Кабинет на гувернерот
Бр. 02-2408/1

Скопје, 24.01.2020 година

**М-р Максим Ацевски, Главен државен ревизор**
**Државен завод за ревизија**
**Ул. Јордан Мијалков, Палата Емануел Чучков, П. Фах 249, 1000 Скопје,**
**Република Северна Македонија**

**Предмет**: Одговор по доставениот Нацрт извештај

Почитуван г-дин Ацевски,

Ви благодариме за доставениот *Нацрт извештај за извршена ревизија на Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните трошоци за 2018 година и нивната реализација заедно со ревизија на усогласеност во Народната банка на Република Северна Македонија*, кој ни го доставивте со допис број 10-103/7 од 20.12.2019 година (наш архивски број 02-39946/1 од 26.12.2019 година).

Истиот го разгледавме и цениме дека коректно ги одсликува презентираните состојби.

Во прилог на овој допис Ви доставуваме неколку предлози за допрецизирање на одредени прашања во Нацрт Извештајот, како и неколку забелешки кои се од технички карактер.

Во врска со делот на останати прашања, согласно со укажувањето на Државниот завод за ревизија за потребата од усогласување на одредбите од Законот за Народната банка со одредбите од Законот за државна ревизија, во делот на делокругот на вршење ревизија, Ве известуваме дека е подготвен предлог за изменување на Законот за Народната банка, кој во најскоро време ќе биде испратен до Министерството за финансии, за што дополнително ќе ве известиме. Во однос на потребата од преиспитување или измена на Законот за јавните набавки за ослободување од примената на истиот во делот на набавката на банкноти, монети, Ве известуваме дека Народната банка повторно се обрати до Бирото за јавни набавки на 16.01.2020 година, со кој ги потсетува за претходно испратениот допис од 2018 година и бара од Бирото за јавни набавки да се произнесе по иницијативата околу можноста во Законот за јавните набавки да се воведе одредба со која набавката на банкноти и монети ќе претставува исклучок од Законот за јавни набавки.

Воедно би сакала да се заблагодарам за добрата соработка и професионалниот однос на ревизорите за време на извршувањето на ревизијата.

Со почит,

Гувернер

Д-р Анита Ангеловска Бежоска

Прилози:
Прилог 1: Предлози и забелешки од технички карактер по доставениот Нацрт извештај за извршена ревизија на Планот за инвестиции и Финансискиот план за 2018 година на Народната банка на Република Северна Македонија
Прилог 2: Копија од допис број 02-1359/1 од 16.01.2020 година од Народната банка до Бирото за јавни набавки – Барање на одговор по поднесена иницијатива.

"ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА"

Кабинет на гувернерот
Бр. 02-2408/2

Скопје, 24.01.2020 година

Прилог 1: Предлози и забелешки по доставениот Нацрт извештај за извршена ревизија на Планот за инвестиции и Финансискиот план за 2018 година на Народната банка на Република Северна Македонија

1. Во **точката 5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, подточка 5.2.** која се однесува на одредбите од договорот за изведување на градежни работи за изградба на новиот деловен објект на Народната банка, со кои се предвидува можноста за продолжување на роковите за завршување на градежните работи, го предлагаме следново дополнување во првиот став: по реченицата „Исто така, договорено е доколку се утврди постоење на оправдани причини, поради кои работите се пролонгираат, по барање на Изведувачот, Народната банка треба да ја оцени оправданоста и под услов да се извршени 80% од предвидените работи на објектот, може да одлучи да го продолжи рокот најмногу до 6 месеци", **да се додаде нова реченица**: „Дополнително, можност за продолжување на рокот на договорот е предвидена и со членот 101 став 1, согласно кој кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определен рок, другата договорна страна мора да му остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската", кое е во согласност и со членот 114 од Законот за облигациони односи.
   Во последната реченица на првиот став, предлагаме зборовите: „согласно договорот", да се заменат со зборовите „согласно членот 71 од договорот".
   Во насока на погоре наведеното предлагаме и во точката 5.2. став 5, по зборовите: „стручните лица" да се додадат зборовите : „и во согласност со членот 101 став 1 од договорот".

2. На страница 5, во **точката 3. Наоди и препораки**, на крајот од реченицата годината треба да биде 2019, наместо 2018.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
бул. „Кузман Јосифовски Питу" бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефони: 02 3108 108 (Централа); 02 3121 144; 3125 388
Факс: 02 3108 357 (Централа); 02 3124 054
Е-пошта: governorsoffice@nbrm.mk
**www.nbrm.mk**

ПРИЛОГ 2

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Сектор за централни услуги
Бр.02-1359/1

Скопје, 16 јануари 2020 година

**До**
**Министерство за финансии**
**Биро за јавни набавки**
**Палата „23 Октомври"**
**ул. Даме Груев бр.12, 2-кат-1000 Скопје,**
**Република Северна Македонија**

Предмет: Барање на одговор по поднесена иницијатива

Почитувани,

Државниот завод за ревизија во текот на 2019 година изврши ревизија на Планот за инвестиции во основни средства и Финанскиот план во делот на оперативните трошоци за 2018 година на Народната Банка на Република Северна Македонија. Во нацрт Извештајот на овластениот државен ревизор, во делот на останати прашања, ревизијата ја обелоденува следнава состојба:

- потреба од преиспитување/доуредување/исклучување на набавката на банкноти и монети во Законот за јавните набавки, со оглед на фактот дека се работи за специфични набавки за чие извршување на договорот се потребни посебни безбедносни мерки и постапки согласно со важечките прописи.

Народната банка со допис под бр.02-11501/1 од 29 март 2018 година, до Бирото за јавни набавки покрена иницијатива за поинаков начин на уредување на набавката на банкноти и монети во Законот за јавните набавки, кој ви го доставуваме во прилог. По горенаведената иницијатива до денес немаме добиено одговор од Вашата институција. Со цел соодветно да постапиме по наодот од Државниот завод за ревизија, уште еднаш ве замолуваме да се произнесете по нашата иницијатива околу можноста во Законот за јавните набавки да се воведе одредба со која набавката на банкноти и монети ќе претставува исклучок од Законот за јавните набавки, пред се заради потребните посебни безбедносни мерки при спроведувањето на ваквите специфични набавки. Од тие причини, а со цел Народната банка навреме да достави релевантни повратни информации по нацрт извештајот до Државниот завод за ревизија, ве замолуваме за ваш одговор во што покус рок.

Со почит,

Секретар на банката
м-р Маја Андреевска

Прилог: допис под бр.02-11501/1 од 29 март 2018 година

Копие: Кабинет на гувернерот

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Сектор за централни услуги**
**Бр.** 02 - 11501/1

29 март, 2018 година

**До: Биро за јавни набавки**
Палата „23 Октомври" Ул. Даме Груев број 12 – 2 кат, Скопје

**ПРЕДМЕТ: Иницијатива за уредување на набавката на банкноти и монети во Законот за јавните набавки**

Почитувани,

Согласно член 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16), основна цел на Народната банка е постигнување и одржување на ценовната стабилност, одржување на стабилен, конкурентен и пазарно ориентиран финансиски систем, да ја поддржува општата економска политика во согласност со принципот на отворена пазарна економија со слободна конкуренција.

За остварување овие со закон дефинирани цели, меѓу другото, Народната банка на Република Македонија ги издава и управува со книжните и кованите пари на Република Македонија, при што има ексклузивно право да издава книжни и ковани пари и е одговорна за снабдување со книжни и ковани пари кои се законско средство за плаќање во Република Македонија.

Во функција на обезбедување безбедносна заштита при процесите на издавање и редовно снабдување со книжни и ковани пари во Република Македонија од причина што за нивно издавање се применуваат посебни безбедносни мерки заради заштита на безбедносните и други карактеристики на книжните и кованите пари издадени во Република Македонија, како и согласно одредбата од член 14 став 1 од Законот за јавните набавки, Народната банка на Република Македонија ја поднесува оваа иницијатива до вас, како надлежен орган, кој иницира предлози за донесување на законски и други акти од областа на јавните набавки, и го следи и анализира спроведувањето на законот. Имено, предлагаме во Нацрт текстот за донесување на Закон за јавни набавки да се пропише одредба со која набавката на книжни и ковани пари ќе се пропише како исклучок од Законот за јавните набавки.

Ве молиме за повратен одговор во однос на горенаведеното барање.
Со почит,

Секретар на банката
Јанче Лековски

Копија до: Министерство за финансии
Ул. Даме Груев број 12, Скопје

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 28.01.2020 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните трошоци за 2018 година и нивната реализација заедно со ревизија на усогласеност на Народната банка на Република Северна Македонија бр.02-2408/1 од 24.01.2020 година, од д-р Анита Ангеловска Бежоска, Гувернер на Народната банка на Република Северна Македонија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-180/1 од 28.01.2020 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираните состојби во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, на **точката** 5.2., која се однесува на продолжување на рокот за изведба на објектот со анекс кон договорот за изведување на градежни работи за изградба на нов деловен објект, согласно наведениот договор, **претставува коментар,** со предлог за дополнување на текстот со одредби од склучениот договор, кој соодветно ќе биде обелоденет во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

2. Забелешката на констатираните состојби во делот Останати прашања, на точката **6.1.** од Нацрт извештајот, а која се однесува на потребата од усогласување на одредбите од Законот за Народната банка со Законот за државната ревизија во делот на делокругот на вршење на ревизија, **претставува известување** за преземените активности од страна на Народната банка. Имено, се известува дека е подготвен предлог за изменување на Законот за Народната банка, кој во најкус рок ќе биде испратен до Министерството за финансии.

3. Забелешката на констатираните состојби во делот Останати прашања, на точката **6.2.** од Нацрт извештајот, а која се однесува на започнатата иницијатива за измена на Законот за јавните набавки за ослободување од примена на истиот во делот на набавката на банкноти и монети, **претставува известување** за преземените активности од страна на

Народната банка. Имено, приложен е допис кое Народна банка го има доставено до Министерството за финансии – Биро за јавни набавки на 16 јануари 2020, како барањето на одговор по поднесената иницијатива од март 2018 година. Преземените активности од страна на Народната банка соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.